КАРПОШ

неделен Е - БИЛТЕН

ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

16 - 22 септември 2019 Билтен бр. 339

КАРПОШ СЕ ПРИКЛУЧУВА КОН НЕДЕЛАТА НА УРБАНА МОБИЛНОСТ

Општина Карпош се приклучува кон неделата на урбана мобилност. Преку низа на активности, граѓаните ќе се поттикнат да користат алтернативни превозни средства, да бидат совесни учесници во сообраќајот, да ја почитуваат поставената сигнализација, со цел да се овозможи безбедно движење за сите засегнати страни.

Утре, од 11:00 часот, на Кејот на Вардар (кај вештачката карпа), претставници од Одделението за енергетска ефикасност ќе ја примат донацијата на опрема: соларно дрво, електрични полначи и електрични тротинети.

Во среда, во 11:00 часот, градоначалникот Стефан Богоев ќе ја посети изложбата насловена како „ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ 2.0“, која ќе се одржи на паркингот на ФЕИТ и Машински факултет, а во 11:30 часот, Богоев ќе биде говорник на панел дискусијата за електромобилност, во салата за состаноци на ФЕИТ и Машинскиот факултет во Скопје.

Во четврток, од 10:45 часот, во просториите на ЗЕЛС ќе се одржи работилница: На градовите им треба план за одржлив транспорт, на која ќе учествува и градоначалникот, а претставници од Одделението за енергетска ефикасност од Општина Карпош ќе го презентираат Планот за активности за одржлива урбана мобилност.

Во петок, локалната самоуправа се приклучува кон CAR FREE DAY (велосипедско дефиле) во организација на Градот Скопје. Дефилето ќе започне во 11:30 часот, од паркот „Ибни Пајко“ кон Градскиот парк.

Локалната самоуправа изработи и посебна брошура – План на активности за одржлива урбана мобилност која ја опишува постоечката состојба во Карпош, како и мисијата на Општината да се обезбедат еднакви можности за мобилност за сите учесници во сообраќајот.

Општина Карпош ги поканува сите граѓани да се приклучат кон активностите, заедно да ја одбележиме Неделата на урбана мобилност, но и да мотивираме други, трајно да ги променат навиките и да дадат свој придонес кон заедницата.

СО „ЛЕТАМЕ ВО ВСЕЛЕНАТА" ОСНОВЦИТЕ ОД „ ЛАЗО ТРПОВСКИ" НАГРАДЕНИ ВО БЕРЛИН

Основците од ООУ „ Лазо Трповски“ освоија награда на Меѓународниот училишен натпревар за воздушен и вселенски сообраќај 2019 -та, кој , традиционално се одржува во главниот град на СР Германија, Берлин. Четвртоодделенците од ова карпошово училиште, ја освоија наградата со заеднички проект „ Летаме во вселената “, кој беше координиран од тројца наставници, кои ја имаа улогата на ментори. Дијана Петроска, Розита Костова и Стефан Симовски, успешно ги обучуваа и ги подготвија учениците од 4 а одделение, каде што нивниот проект, по успешното поминување на прелиминарната фаза од натпреварот влезе во најдобрите десет проекти, а за својот конечен пласман, наградените добија фарма за одгледување пеперутки и соодветни дипломи.

Овој натпревар е организиран од страна на Сојузното германско здружение за воздушна и вселенска индустрија од Берлин во соработка со Сојузното министерство за економија и енергија на Германија, Сојузното министерство за образование и истражување на Германија Луфтханза Техник АД и концернот ЕАДС (во чиј склоп влегува познатиот производител на патнички авиони Ербас).

Конечната одлука во врска со наградите на овој екипен меѓународен натпревар за ученици од трето и четврто одделение , оваа година ја донесе седумчлено стручно жири составено од претставници на организаторот – Сојузното германско здружение за воздушна и вселенска индустрија од Берлин, универзитетски професори (астрофизичари), наставници, германски владини претставници, парламентарци и претставници на концернот Ербас.

ГРАДИНКАТА „МАЈСКИ ЦВЕТ " СЕ ОСЛОБОДУВА ОД АЗБЕСТНИОТ ПОКРИВ

Општина Карпош започна со менување на покривот на детската градинка „Мајски цвет“, објектот на ул. „Римска“, во урбаната заедница Владо Тасевски. Дел од старите азбестни табли се заменети со нова кровна површина, со цел да се подобрат условите во кои се згрижени најмладите, да се заштити нивното здравје, но и да се придонесе во заштитата на животната средина.

Бидејќи се работи етапно, во претстојните денови ќе продолжи замената на целата покривна конструкција. Изведбените активности се одвиваат во попладневните часови или за време на викендите, со цел да не се нарушува воспитно – образовниот процес на децата во оваа предучилишна установа.

Општина Карпош продолжува со секојдневните активности за унапредување на детската заштита и создавање на подобри услови во предучилишното образование.



ПОСТАВЕНО ПРВОТО „СОЛАРНО ДРВО" ВО КАРПОШ

На кејот на реката Вардар, во непосредна близина на „ Алпинистичката карпа“, е поставено првото „соларно дрво“ во Карпош. Станува збор за инсталација преку која, со обновлива енергија, граѓаните ќе можат да ги полнат своите електронски апарти, односно своите мобилни телефони, лаптопи, таблети и електрични тротинети.

Оваа инвестија Општина Карпош ја овозможи преку Германското здружение за меѓународна соработка (GIZ) . Како што нагласи раководителот на Одделението за енергетска ефикасност Љупчо Димов, ова е прво поставено „сончево дрво“ на територијата на нашата земја. Во иднина, се планира и поставување на бесплатна интернет мрежа на оваа локација.

Во рамки на проектот финансиран од Германското здружение, локалната самоуправа се стекна и со шест електрични тротинети, кои ќе бидат користени од општинската администрација како превозни средства за тековните потреби.

Општина Карпош постојано инвестира во проекти кои се од суштинско значење за заштита на животната средина, а грижата за околината е еден од врвните приоритети на локалната самоуправа.

ПОГОЛЕМ ПОТТИК НА ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТА

Во знак на одбележување на Европската недела на мобилност, Општина Карпош се приклучи на настанот „Електромобилност 2.0“, кој се одржа на платото на ФЕИТ и Машинскиот факултет, во организација на здружението „Електромобилност“. Граѓаните можеа да ја видат изложбата на електрични и хибридни возила и други алтернативни превозни средства.

Во рамки на овој настан се одржа и панел дискусија за поттикнување на електромобилноста, на која еден од говорниците беше и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев.

- Како локална самоуправа со поставување на првото соларно дрво, направивме исчекор во сферата на електромобилноста. На Кејот на Вардар, граѓаните ќе можат да ги полнат своите електрични тротинети и велосипеди, мобилни и лаптопи. Сепак, не очекува уште многу работа. Подготвивме и брошура – План на активности за одржлива урбана мобилност на Карпош, кој ги детектира проблемите со кои се соочуваат граѓаните, како и идните активности и мерки на Општината. Потребно е значително да работиме на подобрување и прилагодување на инфраструктурата, тротоарите, патеките, за сите учесници во сообраќајот, како и за лицата со попреченост, посочи

Општинската администрација доби и шест електрични тротинети, за службите кои почесто се на терен, сé со цел, да се намали користењето на автомобили, и полека но сигурно, да се менува возниот парк на локалната самоуправа.

На панел дискусијата стана збор и за јавниот транспорт во градот Скопје. Наскоро, главниот град ќе ги добие првите автобуси на гас, кои ќе го олеснат транспортот на граѓаните, а притоа ќе се придонесе и во заштитата на животната средина. Ова го посочи Никола Наумовски, шефот на Кабинет на градоначалникот на Град Скопје.

На панел дискусијата се обрати и градоначалникот на Центар, Саша Богдановиќ, како и претставници од новинарската и професорската фела.

Сите ја истакнаа потребата од менување на навиките на институциите, на граѓаните и на организациите.

Само заедно може да придонесеме за намалување на аерозагадувањето, како еден од најголемите проблеми во нашата држава, беше клучната поента која произлезе од панел дискусијата.



ВРАБОТЕНИ ВО ОПШТИНА КАРПОШ СЕ ОБУЧЕНИ СПАСУВАЧИ НА ОТВОРЕНИ ВОДИ

Во периодот од 30.август до 4.септември 2019 година, во Центарот за обука „ Солферино “ во Струга се реализираше курсот за обука на спасители на отворени води и реки на кој учествуваа вработени административци од Карпош кои се и дел од тимот на просторната единица за заштита и спасување. Оваа обука е на барање на Општина Карпош до Црвениот крст на Град Скопје, а во согласност со годишните планирани активности за обука на спасители на вода. Од пријавените вкупно девет кандидати, седуммина ги исполнија условите за стекнување на лиценца-спасител, и што е исто така важно, во текот на обуката, ниту еден од учесниците на курсот не се откажа. Според програмата за работа, наставните и практичните методски единици се одржуваа во согласност со временските можности и обврските на инструкторскиот тим и пријавените кандидати, на почетокот со теоретските, па потоа и со практичните наставни единици.

На различни методски единици беа обучувани кандидатите и тоа: тестирање на пливачки способности, противпожарна заштита-теорија и практичен приказ, одговор при катастрофи, спасителни техники за вадење на активен и пасивен давеник, управување со чамец, ноќно возење, барање давеник, и многу други.

Вкупно седум кандидати ги исполнија условите и ќе се стекнат со соодветна легитимација, титула спасител. Кандидатите: Стефан Андоновски, Здравко Пршевски, Филип Мишевски, Мирче Анѓелески , Златко Пановски, како и Александра Иванова и Далиборка Трпчевска се новообучените спасители на вода.

За време на обуката инструкторскиот тим имаше на распологање спасителни бови, моторен чамец и весла, спасителен обрач, кукла-манекен, спинална даска и јаже од 100 метри. Со оваа опрема беа запазени сите стандарди при давање на прва, неопходна помош при елементарни непогоди. Раководител на курсот-национален инструктор за безбедност на вода на обуката беше Дејан Јонузоски, додека демонстратор и парамедик Елеонора Ѓорѓиевска. Раководен тим на обуката беа Раде Мицковски – раководител на Одделението за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра и Петре Кузмановски – командир на единицата, исто така вработен во Одделението за заштита и спасување при Општина Карпош.

ЦЕЛОСНО ИЗГАСНАТ ПОЖАРОТ ВО БАРДОВЦИ

Вчера , 18. септември 2019 (среда), во попладневните часови, избувна пожар во атарот на населеното место Бардовци. Противпожарната заштита на Град Скопје, веднаш реагираше и го изгасна пожарот. Единицата за заштита и спасување при Општина Карпош со вкупно петнаесетмина вработени излегоа на терен и ги догаснуваа т.н жаришта кои можеа повторно да се појават поради силниот ветер. Сторителот, односно изворот на пожарот не е познат, и за тоа испитува полиција.

Општина Карпош, почнувајќи од 02.септември , има отворено дежурна линија 078- 257-640, на која граѓаните на Карпош, секој ден , заклучно до 23:30 часот, можат да се јавуваат и да пријавуваат локации од каде што доаѓа чад, запален оган, или пак непријатна миризба. Локалната самоуправа со стратегиски план, во пресрет на есенските и зимските месеци во кои најмногу се чувствува загадувањето, ќе работи на превенција од загадување, и експедитивно реагирање при вакви и слични ситуации.

КАРПОШ МЕЃУ ОПШТИНИТЕ-ЛИДЕРИ ВО УРБАНА МОБИЛНОСТ

Денеска, со потпишување на посебен Протокол се формализираше соработката меѓу Општина Карпош и Германската агенција за меѓународен развој (GIZ), која резултираше со проектите: поставувањето на првото „Соларно дрво“ и доделувањето на шест електрични тротинети. Соработката ја официјализираа градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев и директорот на Регионалната канцеларија на Германско друштво за меѓународен развој (GIZ), Давид Оберхубер.

Соларното дрво кое овозможува граѓаните да ги полнат своите електрични тротинети и велосипеди, мобилни и лаптопи, е поставено во рамки на т.н. Зелена рута, која во себе вклучува и дополнителни два километри велосипедска патека и патека за ролерки.

Богоев напомена дека навиките на граѓаните, полека но сигурно се менуваат кон поддршка на ваквата мобилност и кон создавање на здрава животна средина, а Кејот на Вардар, за кратко ќе стане еден од најатрактивните делови на нашето Скопје.

– При посетата на училиштата, на првиот училишен ден, видов дека голем број на ученици доаѓаат до училиште со своите електрични тротинети/велосипеди, и тоа ме радува.

Со изведбата на Спортско – Адреналинскиот парк трајно ќе се разубави зелениот појас покрај Вардар со содржини за спорт и рекреација на сите граѓани, со што ќе се спречи овој простор да пропаѓа и да прераснува во депонија, рече Богоев.

Оберхубер ја истакна својата заложба за продолжување на соработката со Општина Карпош и преку други проекти, со цел и натаму да се креираат нови, иновативни решенија за одржлива урбана мобилност. Токму затоа,. потребна е поголема промоција на овие позитивни примери, за да се привлече вниманието од сите чинители, да преземаат активности за заштита на животната средина.

По работната средба, Богоев и Оберхубер, придружувани од своите соработници, со електрични тротинети и велосипеди, се упатија на завршната конференција на ЗЕЛС: „Поддршка на локалните самоуправи на Северна Македонија во промоција на одржлива урбана мобилност“.

На конференцијата беше поздравена активноста на Карпош на полето на урбаната мобилност, поставувањето на соларното дрво и подготовката на Планот за активности за одржлива урбана мобилност којшто беше презентиран пред учесниците на денешната конференција во ЗЕЛС.

Градоначалникот на Карпош, присутните градоначалници и нивни претставници од другите општини потпишаа и меморандум за поддршка на процесот за одржлива урбана мобилност.

НОВИ ЗАНИМАЛНИ ВО ГРАДИНКАТА „МАЈСКИ ЦВЕТ"ВО ТАФТАЛИЦЕ 2

Матичниот објект на градинката „Мајски цвет“ во Тафталице 2 ќе добие три нови, реконструирани простории – занимални за престој и учење на деца од 8 до 24 месеци. Исто така, се работи и на обнова на чајната кујна и тоалетите во градинката.

Просториите ќе добијат и нова подлога, а предвидено е и нивно опремување со нови креветчиња, играчки и сензорни табли.

Овие реквизити и сензорните табли се со намена да ја поттикнат когнитивната способност на дечињата, да спознаваат, паметат и самостојно да доаѓаат до решенија.

Градоначалникот Стефан Богоев денеска беше во посета на објектот, при што директорката Ангела Ангеловска Усовска го информираше за активностите кои се во тек, како и за плановите градинката да прерасне во вистински дом за најмладите.

— Градинките се места каде што нашите деца се згрижуваат, но, исто така, ги стекнуваат и првите знаења, поими и навики. Затоа одговорноста на сите чинители, за креирање на инклузивно и сеопфатно предучилишно образование е голема, посочи Богоев.

Веднаш до матичниот објект на градинката, успешно работи и новиот објект „Јасмин“, кој е со капацитет за згрижување на 95 деца и е опремен по најсовремени стандарди. Дополнително, во текот на летниот период „Мајски цвет“ доби и нова цветна градина, создадена од најмладите, воспитниот кадар и родителите, а со поддршка од Општината.

Локалната самоуправа продолжува да работи на унапредување на детската заштита и подобрување на условите во сите предучилишни установи.

ЕДУКАТИВНИ ФЛАЕРИ ЗА „АЛЦХАЈМЕР"ВО КАРПОШ

По повод 21 септември – Светскиот ден за борба против Алцхајмеровата болест, учениците од IX одделение од ООУ “Димо Хаџи Димов”, учествуваа во низа активности кои придонесуваат за поголема едуцираност на насалението, односно за поблиско запознавање со ова заболување и негова превенција. Наставничката Благородна Спировска по предметот “Унапредување на здравјето”, заедно со своето одделение, изготвија флаери со кратка содржина поврзани со Алцхајмерова болест, кои беа поделени во населбата Влае.



КУЛТУРНИ МОСТОВИ ПРЕКУ ДЕТСКО ЛИКОВНИОТ ТВОРЕШТВО

Традиционално, по тринаесеетти пат, започна Меѓународната ликовна колонија, организирана од Детскиот ликовен центар, под покровителство на Општина Карпош. На падините на планината Водно, во манастирскиот комплекс „ Св. Пантелејмон“, учениците од десетте основни училишта од Карпош, заедно со своите врсници од збратимените општини: Триадица, Софија – Република Бугарија, Врњачка Бања од Република Србија , Травник од Босна и Херцеговина, и од Тиват , Црна Гора, заедно ќе творат и ќе цртаат, создавајќи на тој начин уметнички дела. Инспирација и мотив за уметничкото изразување, учениците ќе црпат од манастирскиот комплекс и преубавата природа околу него.

Претседателот на Советот на Општина Карпош Андреј Манолев, нагласи дека му претставува особена чест и задоволство да ја отвори традиционалната меѓународната детска ликовна колонија во Карпош.

- Меѓународната ликовна колонија, заедно со Карпошовото културно лето, кое заврши неодамна, се симболи на културата на Општина Карпош, особено што овие манифестации имаат меѓународен карактер. Токму тука, на падините на нашата планина Водно, во преубавиот манастир, нашите основци од Карпош, заедно со своите врсници од Бугарија, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина, ќе цртаат и ќе творат, на тој начин изразувајќи ја својата креативност и уметност. Преку оваа манифестација, ние создаваме своевидни културолошки мостови, помеѓу нашите соседни држави и упатуваме една универзална порака, дека ликовното творештво и уметноста немаат национална боја.

Првиот човек на Советот на Општина Карпош на основците им посака пријатен престој во Република Северна Македонија, и како што нагласи низ креативната работа да се стекнат со нови познанства и пријателства кои ќе им останат за цел живот.

Меѓународната детска ликовна колонија ќе заврши утре, со комплетирање на уметничките творечки дела на основците. По завршувањето, на учесниците ќе им бидат врачени дипломи и брошури, а нивните творби ќе бидат изложени во Детскиот ликовен центар во рамки на Кинотека на Македонија.